# PROJECT FACTSHEET

Funded by the European Union

**Поддршка за спроведување на Програмата за реформи на управувањето со јавните финансии 2024–2027**



**Duration:** 19.01.2025 - 19.01.2028

**Countries:**
North Macedonia

**EU contribution:** € 1 521 600

**Total budget:** € 1 521 600

**Implementer:**
WEGLOBAL SRL

**Project description:**

Проектот „Поддршка за спроведување на Програмата за реформи на управувањето со јавните финансии 2024–2027“ има за цел да го подобри финансиското управување во Северна Македонија и квалитетот на услугите во јавниот сектор. Преку унапредување на фискалната дисциплина, стратешката распределба на ресурсите и системите за јавна финансиска контрола, проектот придонесува кон потранспарентно и поефикасно управување со јавните средства.
Преку обезбедување на политички совети, развој на институционални капацитети и техничка експертиза, проектот ја поддржува работата на Министерството за финансии и други релевантни институции во спроведувањето на Програмата за реформи на управувањето со јавните финансии 2025–2028. Иницијативата има значајна улога во промовирањето на отчетноста, ефикасноста и довербата во јавните институции, со директен придонес кон процесот на приближување на Северна Македонија кон Европската Унија.

**Expected results:**

- Зајакнати системи за следење на напредокот во спроведувањето на реформите за управување со јавните финансии, овозможувајќи навремено известување за реализацијата на Планот за раст на ЕУ и програмите за буџетска поддршка;
- Подобрена јавна внатрешна финансиска контрола преку поддршка за спроведувањето на реформите предвидени во Законот за јавна внатрешна финансиска контрола;
- Зголемени капацитети на Академијата за јавни финансии за обезбедување квалитетни обуки во областа на управувањето со јавните финансии, наменети за вработените во Министерството за финансии и другите буџетски корисници;
- Продлабочени капацитети на институциите вклучени во спроведувањето на Програмата за реформи на управувањето со јавните финансии за навремено постигнување на очекуваните резултати.